МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ

# ЛИКОВЕН САЛОН НА МЛАДИ



## *УВОД*

*Манифестацијата „Карпошови денови на културата" опфаќа разновидни активности, меѓу кои и организирање на Ликовен салон, за прв пат во оваа година. Тој е замислен како една од можните форми за поттикнување и презентирање на творештвото на помладите уметници во нашата средина. Овој пат беше предвидено учество на уметници до 30—31 годишна возраст, граница исто толку условна како и која било друга, но секако потребна во почетокот да се дефинира основната намера. Тоа истовремено значи отвореност кон нови сознанија и свест за потребата од поблиско определување на концепциската поставеност на оваа изложба, која треба традиционално да се одржува.*

*Направен е преглед на покарактеристичните текови и настојувања во уметноста на младите во последниве неколку години. Притоа, најчесто поради практични неможности не зедоа учество некои уметници (Петре Николоски и др.) а еден дел од застапените не се претставени со нивните подобри дела.*

*Младите автори создаваат во време на брзи промени кога во уметноста се експериментира со нови материјали и со разни пластични постапки, определувајќи се, веќе и според својот темперамент, за една од актуелните уметнички насоки. Така, и оваа изложба го покажува паралелното егзистирање на повеќе, често пати спротивни, креативни настојувања. Сепак, поголем е бројот на оние млади уметници кои создаваат во духот на обновен експресионистички манир, изразувајќи ја својата вознемиреност низ нагласена гестуалност и колористичка еуфоричност (апстрактно-асоцијативните и фигуративни слики на Н. Андреевска, С. Биневски, Ж. Вангели, Р. Колоски, Вујка Радивојевиќ-Бојарова, И. Митриќески, С. Филипова, С. Шуловиќ).*

*Речиси во исто време се појави своевидна реакција на овие тенденции, и тоа во време кога се почувствува потреба за поголема аналитичност и експресивност, базирана на некои посткубистички искуства, но и натаму со нагласен афинитет за „класичните" вредности на бојата, строгата линија, некаде осмислени со емоционален набој (сликите на Ј. Шумковски, С. Станојковиќ, графиките на Лидија Вујисиќ и А. Кондовска).*

*Во пазувите на ваквите настојувања се зароди и забележлива „струја" во младото македонско сликарство која ги афирмира принципите на еден вид поблага варијанта на „естетскиот рационализам", во која се задржуваат трагите на сликарскиот хедонизам (сликите на Б. Маневски).*

*Една од позабележителните појави е секако потребата, низ одреден систем на спонтана знаковитост, да се допрат сферите на потсвесното во човечкиот дух, често пати лирски доживеано (сликите на Љ. Бојаров, цртежите на М. Вујисиќ, С. Соколовска, графиките на М. Светиева).*

*Некои од уметниците се определуваат за фантастичното или за покласична варијанта на надреалното (сликите на П. Георгиев и В. Урошевиќ делумно З. Малиновски), или пак, со нагласена ироничност ги комбинираат елементите на „традиционалното" и „стриповско" кажување (А. Станковски). Исто така, дел од младите творци пасионирано се занимаваат со стрип, модерно конципиран и со одредени ангажирани содржини (З. Крстевски), како и со фотографија во која се изразува еротското, пред се низ контрастирање на предмет и живо тело (Г. Арнаудовски). Треба посебно да се укаже на скулптурата која во 80-те години помогна да се изврши обновата и нашето креативно вклучување во тековите на современата југословенска уметност. Се користат нови материјали (од „сиромашни" до „класични") кои на уметниците им овозможуваат да спроведат разни истражувања и експерименти (од пластични инсталации и објекти до некои видови на апстрактно-асоцијативна и органска скулптура). Нивни претставници се следните вајари: Т. Аџиевски, Б. Ангелковски, А. Атанасовски, В. Ѓорчевски, М. Киселичка-Калаџиева, С. Павлески и И. Рамичевиќ.*

*Владимир Величковски*

## КАТАЛОГ

Нарциса Андреевска-Мишева (Скопје), 1963)
Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1986 година (отсек за сликарство).
1. Јадро на живото, 1987, масло на платно 160 x 132 см.

Благоја Анѓелковски (с. Печково, Гостивар, 1963)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1987 година (отсек за скулптура).
2. МОН-HIGR-GLLBATEX, 1988, метал, 35 x 94 x 160 см.

Горан Арнаудовски (Скопје, 1958)
Дипломирал електротехника во Скопје. Член е на Фото клубот „25" од неговото формирање.
3. Фотографија Одминување III, 1987, 30 x 40 см.
4. Фотографија Одминување VI, 1987, 30 x 40 см.

Атанас Атанасовски (Прилеп, 1961)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје (отсек за вајарство)
5. Форми, 1987, гипс

Томе Ациевски (Струмица, 1958)
Факултет за ликовни уметности завршил во Загреб 1983 година (отсек за вајарство).
6. Улиште, 1987, дрво, 150 x 65 см.

Слободан Биневски (Скопје, 1957)
Факултет за ликовни уметности заврпшил во Скопје 1986 година (отсек за сликарство).
7. Глава II, 1986, акрилик на хартија, 150 x 150 см.
8. Глава I, 1986, акрилик на хартија, 125 x 115 см.

Љупчо Бојаров (Скопје, 1959)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје (отсек за сликарство)
9. Покојник, 1987, масло на платно, 74 x 60 см.
10. Фигура, 1988, масло на платно, 81 x 65см.

Жанета Вангели (Битола, 1963)
Студиите ги започнува на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (1981—1984), а ги завршува на Државната академија за уметност во Франкфурт (1984—1987) на отсекот за сликарство. Сеќавање, 1987, акрил на хартија, 63 x 36 см.
12. Сеќавање II, 1987, акрил на платно, 70 x 100 см.

Лидија Вујисиќ (Скопје, 1957)
Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје, отсек за графика.
13. Мртва природа, 1983, линорез во боја, 50 x 70 см.
14. Композиција, 1987, линорез во боја, 50 x 70 см.

Мирко Вујисиќ (Прилеп, 1957)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, отсек за графика
15. Боени форми I, 1988 пастели во боја, 50 x 70 см.

Перица Георгиев (Скопје, 1957)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, отсек за сликарство.
17. Слика, 1987, комбинирана техника на хартија, 130 x 160 см.

Владимирчо Ѓорчески (Скопје, 1956)
Академија за ликовна уметност завршил во Љубљана.
18. Композиција II 1985 теракота, 34 x 15 x 14; 46 è 18 x 18 см.

Марга Киселичка-Калајџиева (Скопје, 1962)
Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1987 година (отсек вајарство).
19. Против апсурдот, како 1987, дрво и метал, 101 x 23; 91 x 26 см.

Рафаил Коловски (Скопје, 1961)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986 година, отсек за сликарство.
20. Без наслов, 1986, масло и пастел на платно, 103 x 123.

Ана Кондовска (Скопје, 1963)
Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1987 година, отсек за вајарство.
21. „54-та улица", 1987, сито печат, 70 x 50 см.

Златко Крстески (Прилеп), 1969)
Училиште за применета уметност завршил во Скопје. Стрипови објавува во 1986 година.
22. Стрип цртеж „СОН", 57 x 35 см.
23. Стрип цртеж „Балада за изгубената естетика", 50 x 36 см.

Зоран Малиновски (Штип, 1958)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, отсек сликарство.
26. Од циклусот „Полжави" I и II, 1986, молив во боја на хартија, 35 x 38 см., соп. Фани Велјановска, Скопје

Благоја Маневски (Скопје, 1957)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година, отсек за сликарство.
24. Ѕвезди и рабови IV, масломонтажа, 162 x 220,5 см.

Игор Митриќески (Скопје, 1958)
Факултет за ликовни уметности завршил во Белград.
25. Слика, 1988, масло на платно, 180 x 130 см.

Станко Павлески (Ерековци, 1959)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1984 година, отсек за вајарство.
27. Футур I-испразнета варијанта, 1987, метал, 100 x 100 x 20 см.
28. Легната варијанта на сјајната кралица, 1987, 60 x 60 x 60 см.

Вујка Радивојевиќ-Бојарова (Руиште, 1960)
Завршила Академија за ликовна уметност во Нови Сад, отсек сликарство.

29. Разидување, 1988, масло на платно, 81 x 130 см.

Исмет Рамичевиќ (Дубница, 1960)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек скулптура.

30. Од циклусот „Треперење", 1988, комбинираннн материјали, димензии варијабилни.

31. Починка, 1988, комбинирани материјали; Елада, 1988, комбинирани материјали.

Марија Светиева (Скопје, 1960)
Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1987 година, отсек за графика.

32. Фамилија, 1988, комбинирана техника, 78 x 53 см.

33. Големата мајка, 1988, комбинирана техника, 78 è 53 см.

Славчо Соколовски (Скопје, 1958)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986 година, отсек сликарство.

34. „Dromo", 1988, комбинирана техника.

Александар Станковски (Кичево, 1959)
Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1985 година, отсек сликарство.

35. Слика, 1980 ,масло на картон, 72 x 100 см.

Саша Станојковиќ (Скопје, 1962)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1985 година, отсек сликарство.

36. Без наслов, 1988, масло на платно, 100 x 100 см.

Вана Урошевиќ (Скопје, 1961)
Факултет за ликовни уметности завршила во Белград, каде ги завршила и постипломските студии.

37. Во пештерата на безвремието, 1987, масло на платно, 90 x 100см.

Симонида Филипова (Скопје, 1965)
Дипломец е на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство.

38. Мртва природа, 1986, масло на картон, 53 x 75 см.

39. Предел, 1987, масло на платно, 59 x 79 см.

Соња Шуловиќ (Скопје, 1962)
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986 година, отсек сликарство.

40. Долорес, 1988, масло на платно, 80 x 50 см.

Јован Шумковски (Скопје, 1962)
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986 година.

41. Лепенки во црвеницата, 1987, масло на платно, 162 x 260 см.

Музеј на Македонија — Скопје
„Карпошови денови на културата '88"

ЛИКОВЕН САЛОН НА МЛАДИ

Издавач: ОК ССММ „Карпош" — Скопје

Организација: Александар Георгиевски

Концепција и текст: Владимир Величковски

Ликовно обликување на каталогот: Бисерка Филипова

Техничка реализација на изложбата: Ангел Георгиев и Трајче Димчевски